63



# АНГЕЛ ДИМОВСКИ - ЧАУШ

КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР - СКОПЈЕ



"Знаешли што ?"   2000

# АНГЕЛ ДИМОВСКИ - ЧАУШ

Продажен салон

ДЕКЕМВРИ 2000

## АНГЕЛ ДИМОВСКИ - ЧАУШ

Роден на 5. 11. 1952 година во Крнино, Велес. Во 1973 завршил училиште за применета уметност - вајарски отсек во Скопје, во класата на професор Димо Тодоровски. Од 1973 до 1977 студира Историја на уметност со археологија на Филозофскиот факултет во Скопје. Со отворањето на Факултетот за ликовна уметност во Скопје, 1980 година се запишува на истиот во отсек вајарство со театарска, филмска и телевизиска сценографија. Истиот го завршува 1984 година во класата на Петар Хаџи Бошков. По завршувањето на факултетот за ликовна уметност, активно и студиозно се посветува на работата во областа на скулптурата излагајќи самостојно и групно во земјата и странство. Член е на ДЛУМ од 1984 година. Остварил повеќе студиски патувања како во: Италија, Франција, Шпанија, Германија, Египет, Грција и Турција. Извесен број на негови дела се наоѓаат во приватни колекции: Америка, Африка, Франција и Холандија.

Адреса

ул. "Гиго Михајловски" бр. 9-1/16 91000 Скопје
тел.: 365-545
E-mail : angelcaus@hotmail.com
ателје
ул. "Пробиштипска" бр.3 91000 Скопје
тел.: 325-861

### САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

1987 - Центар за култура и информации-Скопје
1988 - Ликовен салон - Велес
1989 - Општински музеј - Гевгелија
1990 - Кургестхаус - Мурнау - Германија заедно со Милош Коџоман
1993 - Ликовен салон на ДЛУМ - Скопје
1998 - Културно-информативен центар - Скопје
2000 - КИЦ продажен салон - Скопје

### ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

1980 - Дом на млади "Млади ликовни творци" Скопје
1980 - Средба на млади творци на Југославија "Младост на Сутјеска" Дом на млади Тјентиште - СФРЈугославија
Од 1985 до денес излага на сите годишни изложби на ДЛУМ и на сите зимски салони на ДЛУМ во Скопје
Од 1985 до1993 год. излага на сите биенални изложби на ситна пластика
1986 - "75 македонски уметници во Париз" Париз - Франција
1997 - Универзитетска библиотека - Скопје (ДЛУМ) - "Цртеж"
1997 - Културно-информативен центар - Скопје "Сликарство мал формат"
1998 - Уметничка галерија "Скопје" - Скопје "Арт егзодус 98"
1998 - Уметничка галерија "Скопје" - Скопје "Од ризницата на уметничката галерија"
1998 - Културно-информативен центар - Скопје "Сликарство мал формат"
1998 - Македонско ликовно творештво "Мал формат" салон на ДЛУМ - Скопје
1998 - Универзитетска библиотека - Скопје (ДЛУМ) - "Цртеж"
1999 - Македонско ликовно творештво "Мал формат" салон на ДЛУМ - Скопје

### НАГРАДИ

1980 - Награда на председателството на РК ССММ за сликарство
1985 - Награда ЛИКУМ на Авторска агенција на Македонија за скулптура
1989 - Награда за портрет од општината и здружението на комерсанти на градот Сан Рафаел - Франција
1993 - Прва награда на биенале-ситна пластика
1994 - Награда "Јордан Грабул" за вајарство на Третиот зимски салон на ДЛУМ
1998 - Награда "Димо Тодоровски" за скулптура на изложбата македонско ликовно творештво - мал формат




"Тој и таа"   2000



"Во љубовна прегратка"   2000



"Девојка I"   2000



"Во прегратка" 2000



"Фамилија"   2000



"Во грч"   2000



"Старлета"  2000



"Женски акт"   1995

**Ангел Димовски - Чауш** (1952) доби солидно образование кај познати македонски скулптори, прво кога го заврши Училиштето за применета уметност (1973, Димо Тодоровски) и подоцна Факултетот за ликовни уметности (1984, Петар Хаџи Бошков). За неговите творечки истражувања посебно значење имаат студиите на Историја на уметноста со археологија. На својата прва самостојна изложба, организирана 1987 година во Скопје, тој ќе ги претстави дотогашните скулпторски потраги и интересирања. Во нив се соединиле разновидни елементи: станува збор пред се за класична инспирација облагородена со искуствата на модернизмот. Уметничкото делување на непосредната средина ќе се надоградува со влијание на уметнички тенденции во светот. Во наредните години Ангел Димовски - Чауш ќе искристализира некои свои суштествени настојувања создавајки специфичен тип на **комбинирана скулптура** заснована на разни модификации на фигуративниот и асоцијативниот антропоморфизам. Во неговита скулптура, покрај тоа, се сретнуваат повремени навраќања на некои поранешни решенија и истражувања. Кога работи во дрво, во мермер или бронза, тој постигнува подеднакво сугестивни реализации на основната замисла. Станува збор за вертикална поставеност на скулптурата со нагласени органски форми кои се грижливо дизајнирани. Од најраните дела доаѓа до израз авторовиот интерес за рељефна концепираност на формата со амбивалентни, "природни" и "вештачки" белези. Конкретното се комбинира со асоцијативното, додека органското добива пневматски карактеристики. Од таквите тврдо-меки форми се создадени необични ликови на луге и животни, некаде со црти и на едните и на другите. Извесниот "парадоксален" метод на градење на целината се осмислува низ мноштвото асоцијации како и низ суптилната иронија на одделни решенија. Авторот ја создава својата органска брановидно компонирана скулптура дополнувајкија со разни предметни назначувања и еден вид "украсување" на основните органски (еротски) и механоморфни (куклести) карактеристики. Посебно значење е дадено на попартистички третираните карикатурално-гротескни ликови кои наликуваат на архаични претстави или на преобразени вонземјани итн. Необичните "тела" и "ликови" на Ангел Димовски - Чауш, еден вид морфни "гасеници", создадени се од полутечна материја. Формите се релјефно замислени, со заоблена и динамична контура затворена во **мала пластика** која на краевите е "врзана" со јаже што претставува органски или предметен дел на скулптурата. Во преобразувачката полиморфност и асоцијативност на делата се издвојува мотивот на **женското** од кое на необичен начин пулсира **машкиот елемент**. Во најновите арабескни бронзети авторот појасно ги дефинира своите творби составени од разновидни елементи кои се преточуваат во духовити целини со егзотични фризури итн. Стилизираните "апстрактни" мотиви се соединуваат со "конкретните" претстави кои со својата необичност делуваат атрактивно. Покрај сугестијата на ослободен творечки импулс забележлив е елементот на контролирана постапка која овозможува вклучување на декоративни или илустративни делови. Во делата на Ангел Димовски - Чауш се препознаваат разновидни интересирања пред се за скулптурата на Ханс Арп и Хенри Мур, за надреализмот на Макс Ернст, за архаичната грчка скулптура и уметноста на Кикладите, за попартот и декоративната уметност, за традиционалната керамика и анимираниот филм (Петар Глигороваки Боро Пејчинов). Карикатурално-гротескната обликуваност на мотивот е заедничка карактеристика и за неговите генерациски колеги од 70-те години (Милош Коџоман, Драгољуб Бежан).

Во некои од најновите дела поставени се во контрапункт форми со биолошка генеза, како и оние кои припаѓаат на сферата на предметното. Токму заради тоа тие делуваат некомуникативно, регистрирајќија повеќе оддалеченоста отколку блискоста со природата. Формите на скулптурата се барокно разиграни или каприциозно извиени разделувајќисе некаде на два дела кои се меѓусебно зависни. Создаден е специфичен **дијалог** меѓу две форми налик на празни школки во различни соодноси и тензија на елементите.

Во делата на Ангел Димовски - Чауш бронзата добила карактер на евидентен формален и изразен медиум со сообразени евокативни содржини и забележителни вредности на доврешеност во обработката. Токму таквите карактеристики им даваат вредност на неговите дела во контекст на поновите струења во македонската скулптура.Не треба да се заборави, освен тоа, дека Ангел Димовски - Чауш еден дел од годината го поминува на југот на Франција каде годинава пријавил учество на познатиот "Саем на уметноста" во Мужан кај Ница и индивидуално претставување во Градската галерија Сан Мишел во Рокобрин кај Сан Рафаел.

д-р Владимир Величковски

## КАТАЛОГ

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Лав-муабет | 1998 |
| 2. | Старлета | 2000 |
| 3. | Тој и таа | 2000 |
| 4. | Во грч | 2000 |
| 5. | Во прегратка | 2000 |
| 6. | Фамилија | 2000 |
| 7. | Девојка I | 2000 |
| 8. | Знаешли што? | 2000 |
| 9. | Женски акт | 1995 |
| 10. | Во љубовна прегратка | 2000 |
| 11. | Договор | 2000 |
| 12. | Разговор | 2000 |
| 13. | Делфини | 2000 |
| 14. | Девојка II | 2000 |
| 15. | Девојка III | 2000 |
| 16. | Старец | 2000 |
| 17. | Момче I | 2000 |
| 18. | Момче II | 2000 |
| 19. | Момче III | 2000 |
| 20. | Замислена | 2000 |
| 21. | Форма | 2000 |

Издавач: Културно-информативен центар Скопје
За издавачот: Љупчо Маленков
Технички уредил: Кирил Батев
Печати: "БАТЕВ" - Скопје
Тираж: 500 примероци